

Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претставиме* имињата, *зборовите, изразите, називите, лексикографски терминте... кои се во „Библискиот речник“: од Агрипа - Ирод Агрипа Први, внукот на Ирод, до
А
легориското објаснување на
Библијата

Агрипа - 1) Ирод Агрипа Први, внук на Ирод Големиот и владетел на Јудеја и Дамарија. Наредил да се погуби Јаков, братот на Јован, а Петар да се затвори. Умрел 44 г. (Дан12,1; 3,23); 2) Ирод Агрипа II, последниот владетел од семејството на Ирод

Големиот, од 27-100 г. После падот на Ерусалим, околу 70 г. се преселил во Рим и таму умрел; в. Ирод


Агур - автор на дел од Изреките (Изр 30,1-15), од Маса.

Ад - в. Пекол.


Ада - 1)жена на Ламех (1 Мој4,19); 2) жена на Исав (1 Мој 36,2).

Адад -1) *арамејски бог на бурата,* кај Ханаанците е наречен Ваал, чие обожување било раширено во вториот милениум пр. И. Х Се прикажувал со трокрака молња. Се верувало дека живее на висока планина и од таму праќа дожд на земјата. 2) син на Исмаил (1 Дн1,30); 3) Едомски цар, во времетона Гидеон. Главен град му бил Фогор (1 Мој36,39); 4) едомски кнез, кој избегал во Египет, кога Јоав му запретил и се борел против Соломон, за да ја ослободи својата земја (1 Цар 11,14-22).

Адам - *човек, земјен; од црвена почва* - првиот човек на земјата, родоначелник на човечкиот род (Дап17,26). Бог го создал од земјен прав, му вдахнал живот и го оживел. Според СП гревот во светот дојде преку Адам. Живеел во Божјото присуство, во Рајот, но не ја послушал наредбата од Бога и каснал од плодот од забранетото дрво. Заради тоа бил истеран од рајот. Според апостолот Павле, со својата непослушност Адам ја запечатил судбината на целото човештво, Оттогаш секој човек се раѓа со грев, далеку од присуството на Бог. Целото човештво е предодредено за грев и смрт. Сам човекот не може да ја промени таа состојба во која западнал. Тоа е т.н.
прворoден
грев.
Па сепак, човекот ја сноси одговорноста за своите гревови, зашто сака самиот да си господари над себе. Христос е новата надеж за грешниот човек да се врати кај Бога. Тој е, „вториот Адам" преку кого единствено грешниот човек може да се спаси, ако го признае како свој Господ и својата волја ја потчини на Неговата (Рим5,12-21). Адам е слика на „Оној" што ќе дојде, односно Исус Христос (Рим5,14). Преку Адам дојде смртта меѓу луѓето, а преку Христос вечниот живот (1 Кор15,22).




The Bible that
is, the holy Scripture of the
Olde and New Testament, faith-
fully and truly translated out
of Douche and Latyn
in to English.
M. D. XXXV.
S. Paul. II. Tessa. III.
Praie for vs, that the worde of God male
have fre passage, and be glorified. &c.
S. Paul Col. III.
Let the worde of Christ dwell in you plen
teously in all wysdome &c.
Josue I.
Let not the boke of this lawe departe
out of thy mouth, but exercyse thyselfe
therin daye and nighte &c.







Пишуваат: **ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И СЛАВЕ КАТИН**